# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.31 од 22.02.2016 година**

**Член 1**

Во Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" број 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15 и 152/15), во членот 9-г став (4) точка 5 алинеја 6 се брише.

**Член 2**

Во членот 9-д став (1) алинеја 2 се брише.

**Член 3**

Во членот 10 зборовите: „на директорот" се бришат.

**Член 4**

Во членот 182 ставови (1) и (3) зборовите: „директорот на" се бришат.
По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:
"(4) Тужбата против решението од ставот (3) на овој член, не го одлага неговото извршување."

**Член 5**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 6**

Одредбите од членовите 2 и 3 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".